Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13,139/14 и 147/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/19), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец август 2023 година, во однос на месец јули 2023 година, според податоците на Државниот завод за статистика (Соопштение: Индекси на трошоците на живот и цените на мало, август 2023 година, број 4.1.23.78, објавено на 07.09.2023 година), е повисока за 1,2 %.

2. Правото на пораст на платите за месец август 2023 година, во однос на месец јули 2023 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија, изнесува 0,6%.

МИНИСТЕР

Јованка Тренчевска

Бр. 08-6005/1

Датум: 12-09-2023